**Инфо билтен – мај 2023**



## Повици

Пријавете се на фотоконкурсот „Зелена урбана инфраструктура" со испраќање фотографија со краток опис на зелено уредена тераса, балкон или двор како ваш климатски одговор. Конкурсот е отворен до 14 мај, а наградите се одлични!

Sweden Sverige

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

МЗМП

CNVP Building a Greener Economic Environment

Локалната канцеларија Еко-свест во Вевчани објави повик за нови членови кои сакаат да се приклучат кон нашата организација. Шалтерот е отворен без краен рок.

**#ЗаедноЗаКлиматскаАкција**

Прочитајте ја реакцијата на Коалицијата за клима за измените на серија закони за потребите на изградба на коридорот 8.

Преку Програмата за грантови и финансиска поддршка на Македонското еколошко друштво, кичевското село Белица треба да биде првата зелена комуна во Македонија, со одржливо користење на ресурсите, зачувување на биодиверзитетот и намалувањето на влијанието на климатските промени.

Иако богата со шуми и над европскиот просек, дали македонските шуми се со вистинскиот квалитет? Погледнете ја анализата од областа на одржливото управување со шуми и дознајте повеќе.

Програмата за правна и менторска поддршка која ја обезбедуваме заедно со Македонското здружение на млади правници овозможува помош и поддршка на граѓанските организации за климатски акции и активности. Побарајте правна поддршка на следниот линк.

**Еко-свест во Вевчани**

Еко-свест заедно со НП „Галичица" организираше едукативна тура во природа со ученици од ООУ „Страшо Пинџур" од Вевчани со прошетка низ Споменикот на природата „Вевчански извори". Учениците собираа растенија и надгледуваа животински видови кои ги среќаваа во природата.

Еко-свест во соработка со Детската градинка „Планински цвет" беа заедно на прошетка во природа. Со дечињата заедно зборувавме за животните и растенијата во нашата околина. Учевме за важноста на водата, да не фрламе ѓубре и да ја чуваме реката.

Креативните ученици од ООУ „Страшо Пинџур" од Вевчани и уметникот Горан Ристовски исцртаа мурал во училишниот двор, со кој на своите врсници, но и останатите жители и посетители на Вевчани, сакаат да им укажат за значењето на водата и природните вредности.

**Заштита на природа**

Зборувавме со Симона Трајковска, проектен координатор за природа во Еко-свест и авторка на предлог Патоказот за заштита на природата. Прочитајте го интервјуто и преземете го Патоказот.

**Води**

Нашата иницијатива за репрогласување на Демиркаписката клисура како заштитено подрачје е објавена во прилог на Ал Џезеира Балканс. Погледнете го видеото.

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.

Зборувавме со Ѓорѓи Митрески, проектен координатор за води во Еко-свест и автор на студии на случај во оваа анализа, за влијанијата на малите хидроцентрали врз животната средина. Прочитајте го интервјуто и преземете ја анализата.

**Енергија**

Погледнете ја нашата подновена веб-страница за енергија, разгледајте ја најновата кампања за гас и останатите ресурси кои ги нудиме. Слично и за другите области во кои работиме.

Дознајте повеќе за енергетскиот сектор во Македонија преку преглед на страницата на Регулаторната комисија за енергетика на водни услуги.

**Активно граѓанство**

Организиравме низа активности за млади со образовните институции во Вевчани поврзани со Споменикот на природата „Вевчански извори". Инспирирајте се од нашите креативни работилници.

Ниту во Швајцарија животот не е зелен (зелено е новото розево). Група жени на возраст над 65 години ја тужат Швајцарија пред Европскиот суд за човекови права затоа што мерките кои што нивната држава ги презема за да се справи со климатските промени сметаат дека не се доволно добри.

**Медиуми**

Министерството за животна средина планира да го заштити подрачјето Демир Капија. Ова се добри вести.

Рекордни 325 бариери се отстранети од реките низ Европа во текот на минатата година, што овозможува тие да течат послободно, а преселните риби да стигнат до областите за размножување. Проектот се спроведуваше во 16 држави, а со вакви активности се почнува и во Македонија.

Германија ги исклучи последните три атомски централи. За Зелените се исполнува еден сон. Во Азија пак, атомската енергија доживува ренесанса.

**Разно**

Погледнете ги заклучоците и придружните документи кои произлегоа од последниот состанок на министрите на групата Г7 за клима, енергија и животна средина во Сапоро на 15-16 април 2023 година.

**Забелешка:** Овој инфо билтен е наменет за меѓусебно информирање за настани, активности и повици на еколошките организации и релевантните институции. Пораката ја добивте бидејќи сте регистрирани на една од GoogleGroups climatecoalitionmk и/или ekosfera. Доколку не сакате да го добивате овој инфо билтен, пратете порака на info@ekosvest.com.mk

Проектот "Граѓанските организации во акција за климатските промени" е финансиски поддржан од страна на Шведска. Изразените ставови и мислења се на организациите кои го спроведуваат проектот и нужно не ги одразуваат ставовите и мислењата на владата на Шведска.